*Мултикултурното образование е, всушност, образование без предрасуди. Се залага за пренебрегнување на погрешните стереотипи и предрасуди кои ги создаваат институциите на системот градејќи дискриминаторски и опресивен однос кон малцинските групи. Ова образование ќе овозможи секој поединец да се спротивстави и реагира против сите форми на угнетување, расизам, сексизам, ејџизам, национализам, без разлика дали е тоа од страна на некој поединец или институција.*

Мултикултурното образование се залага за инклузијата во образованието, што значи образование за сите ученици без разлика на нивните потенцијали и социјална положба.

Мултикултурното образование може да се одвива на повеќе нивоа за да се изврши што поуспешна трансформација на системот на вредности за промена на стереотипите, надминување на предрасудите и создавање услови за поправедно општество. Мултикултурното образование треба да се залага да се искорени асимилацијата на малцинските групи во општеството и на тој начин тие групи да ги афирмираат сопствените културни карактеристики.

Тоа значи дека тоа во принцип треба да се бори против системската опресија (дискриминација) во општеството. Мултикултурното образование, покрај другото, се залага за укинување на национализмот и расизмот, односно дискриминацијата на луѓето заради нивното национално потекло или расата.

Мултикултурното образование го афирмира плурализмот во општеството со цел сите луѓе кои припаѓаат не само на доминантната, туку и на малцинските групи да имаат подеднакви права на глас, политичка и верска слобода и право да си го негуваат го сочуваат својот мајчин јазик, култура и обичаи.

Мултикултурното образование треба да овозможи поединците од доминантната група која свесно или несвесно ја искористува, ја понижува или ја малтретира малцинската група, да престанат да вршат системска опресија (дискриминација) и да станат сојузници на поединците од овие маргинални групи и да се заложат да се стопира понатамошната дискриминација и угнетување на поединците од овие маргинални групи од страна на општеството или од некои екстремни поединци. Сојузникот треба да преземе таква афирмативна акција без да се плаши за својот статус во општеството.

Мултикултурното образование се залага за рамноправост и еднаквост, што значи фер однос кон сите луѓе независно од нивната етничка, верска, полова и класна положба, што значи и еднакво вреднување и добивање на еднаков третман на сите луѓе во општеството што на сите им дава подеднакви можности за задоволување на нивните потреби. Мултикултурното образование се бори да се надмине интернализираната доминација, односно погрешното мислење што за себе го имаат внесено преставници на доминантната група, а се базира на системската опресија, моќта и погрешните информации за луѓето од маргиналните заедници во општеството. Но, исто така, се залага за надминување на погрешното мислење што го имаат за себе претставниците на потчинетите групи како интернализирано угнетување кое е последица на погрешните информации и лошото однесување кон нив од страна на институции или поединци од доминантната група.

Иако кажавме дека повеќето од експертите од областа на оваа проблематика сметаат дека Република Македонија е земја каде има услови за мултикултурно образование и успешна интерграција на децата од маргиналните заедници во нашиот воспитно-образовен систем, сепак, треба да се истражува и докаже дали тоа навистина е точно.

Ние, кои се занимаваме со истражувања во оваа проблематика, сметаме дека иако како држава сме мултиетничка и мултикултурна земја со мнозинско македонско население која до денес ја има задржано својата унитарност, за жал, сè уште не можеме да зборуваме за голема интегрираност на децата Роми и децата од маргиналните заедници во нашиот воспитно-образовен систем. Статистичките показатели со кои располагаме не се многу прецизни зошто од транзицијата до денес се

[1] Извештаи, (2007), *Еднаков пристап до квалитетно обраование за Ромите, том два*, Budapest: Open society institute.

иселени над 250000 Македонци во западноевропските и прекуокеанските земји. Сепак, според податоците од пописот, бројноста на населението во Република Македонија изгледа вака:

**Табела 1. Етничка припадност на населението во Република Македонија**

**(според попис 2002 година)** Извор: Државен завод за статистика (ДЗС)

| Етничка група | Вкупно | Процент(%) |
|---|---|---|
| Македонци | 1.297.981 | 64,2 % |
| Албанци | 509.083 | 25,2 % |
| Турци | 77.959 | 3,9 % |
| Роми | 53.879 | 2,7 % |
| Срби | 35.939 | 1,8 % |
| Бошњаци | 17.018 | 0,8 % |
| Власи | 9.695 | 0.5 % |
| Други | 20.993 | 1,0 % |
| Вкупно | 2. 022. 547 | 100 % |

Мораме да истекнеме дека постои значителен диспаритет меѓу нивото на образованието во Република Македонија во однос на мнозинското население и на останатото малцинско население затоа што, речиси, четвртина од полнолетните ученици Роми, но и на другите припадници на националните малцинства, немаат никакво образование. Не се располага ниту со веродостојни проценки во врска со бројот на ученици на школска возраст кои воопшто не посетуваат училиште, но некои истражувања покажуваат дека бројката е голема. Стапките на осипување тешко можат да се утврдат, но проценките се движат во рамките од 8 проценти, па сè до 49 проценти ученици кои рано го напуштаат основното образование. Генералната образовна политика им посветува многу малку внимание на конкретните потреби на истите, иако организациите на граѓанското општество, со одобрение од Министерството за образование и наука, активно развиваат и спроведуваат различни проекти што го поддржуваа образованието на националните малцинства.

Согласно одредбите на Уставот и на законите, припадниците на националните малцинства имаат еднаков пристап кон образовните институции како и право на образование на својот јазик затоа што државата им гарантира бесплатно основно и средно образование (како задолжителни) и им гарантира посебна национална квота во високообразовните институции. Образованието е фундаментално човеково право. Тоа им овозможува на децата, младите и возрасните да стекнат моќ критички да размислуваат, да прават избор сè со цел да си го подобрат сопствениот живот. Образованието го разбива затворениот круг на сиромаштија и е клучен елемент на економскиот и социјалниот развој. Образованието, декларативно, мора да биде достапно за секој што живее на тлото на Македонија без оглед на неговата возраст, пол, религиозна определба, етничка припадност, здраствена состојба и социјална и финансиска положба. Меѓутоа, сè повеќе се истакнува потребата образованието да ги надмине проблемите и да ги елиминира системската опресија и сите други фактори коишто предизвикуваат образовна апстиненција и осипувања, што е најчест случај кај учениците Роми, но и кај другите припадници на националните малцинства.

Покрај системската опресија (дискриминација), како можни причини поради кои мултикултурното образование не заживеа во нашата земја, а што може да се констатира како факт преку малата опфатеност и слабите образовни постигнувања кај децата Роми и децата од другите припадници на различните етнички заедници, се наведуваат :

- социјално-економскиот статус, нискиот степен на образование на родителите, немотивираноста и негативниот став спрема училиштето, ромската традиција, обичаи и култура (културното милје), начинот на живот, јазикот на кој се одвива наставата и малата вклученост на овие деца во предучилишните установи што натаму се евидентира и во основното и средното образование.

Затоа во продолжение на овој труд поконкретно ќе се задржиме и кажеме на што се должат разликите во образовните постигнувања по етничка основа и ќе ги детектираме можните причини коишто влијаат врз слабите образовни постигнувања кај децата Роми, но и кај учениците припадници на различни етнички заедници во основните училишта во нашата земја.

### *3.* Социјално – културните фактори коишто најчесто влијаат на малата опфатеност и на слабите образовни постигнувања на децата Роми

Според социјалната структура на ромската заедница таа е доминантно сиромашна, 80-90 проценти живеат во сиромаштија, а процентот на формално вработени Роми се движи околу 10 %. Што се однесува до привремената и до сезонската работа, Ромите најчесто се потпираат на сезонска работа на околните полиња, во бербата на тутун, грозје, цреши, вишни и други овошја, се впуштаат во нелегална трговија со дрва или собираат старо железо и отпадни метали за препродажба. Во Источна Македонија жените Ромки наоѓаат работа во лошо платената текстилна индустрија. Освен овие форми на прибирање на приход, најголем број Роми се невработени и живеат од скромната социјална помош. Многу од нив не се квалификуваат за социјална помош поради нивниот нерегулиран статус и немањето документи.

Токму сиромаштијата, односно лошата финансиска ситуација на семејството, се смета како една од главните причини од кои произлегуваат проблемите во образованието на ромските ученици. И покрај тоа што основното образование во државните училишта во Македонија е бесплатно, трошоците за школување на децата се мошне големи и претставуваат товар за ионака сиромашните ромски семејства.

Како резултат на нерегулираниот статус, немањето документи, парични средства, но и неписменоста и традицијата, родителите на ромските деца не ги испраќаат децата во предучилишните установи и постепено се осипиваат и во основното и во средното образование.

Ромските деца со запишување во прво одделение имаат потешкотии во совладувањето на македонскиот јазик што видно се одразува врз неговите понатамошни постигнувања и совладувања на наставниот материјал.

Затоа сметаме дека една од можните причини за слабите образовни постигнувања во училиштата кај учениците од ромската заедница е и недоволното познавање на македонскиот јазик на кој се одвива наставата во основните училишта.

Честопати и големината на семејствата, споредено со просторот и условите во кои живеат (субстандардното живеење), немањето поволна атмосфера за работа може да влијае врз исполнувањето на училишните задачи. Најголемиот број на ромски семејства, кои најчесто имаат по три до четири деца, живеат во лоши услови, немаат пристап до водоводниот и канализациskиот систем и исклучена им се електрична енергија и телефонот (најчесто поради неплатените сметки).

Ромската популација има ниска образовна свест, која често резултира со игнорирање на потребата за образование. Како резултат на ова многу деца немаат поддршка од своите родители во нивниот едукативен развој. Неписменоста, неразбирањето на наставниот материјал, преокупираноста во борбата за животна егзистенција на родителите се јавуваат како можни причини за давање на помош и поддршка на ромските ученици со што се намалува интересот за учење, слабее мотивацијата за учење и сето тоа резултира со слабо образовно постигнување на овие деца во основното и средното образование.

Ромската традиција и култура (културното милје), начинот на живот нивните обичаи, трефикот и раното стапување во брак, често пати се одразуваат врз образовните постигнувања на ромската популација.

Оттаму, овде сакаме да укажеме на потребата низ повеќе независни истражувања да се докаже причинско - последичната поврзаност меѓу етничкото и социјалното потекло и образовните постигнувања на ученици Роми во основните училишта во Р.Македонија и да се утврди степенот на опфат, успехот и селекцијата на ученици од различни етнички групи во основните училишта.

Исто така, е потребно низ повеќе независни истражувања да се утврди дали постои поврзаност помеѓу социо-економскиот статус на семејството и образовните постигнувања на децата Роми и на другите деца од различни етнички заедници во нашите основни и средни училишта и да се утврди дали постои причинска поврзаност помеѓу образованието на родителите на учениците

припадници на различни етнички заедници и образовните постигнувања на истите (учениците) особено во основните училишта.

Тргнувајќи од нашите досегашни сознанија и од други независни истражувања сметаме дека е потребно да се утврди и поврзаноста помеѓу големината на семејството (бројот на членови во семејството) и образовните постигнувања на учениците од различните етнички заедници во основните училишта, но и да се испита дали постои корелација меѓу опфатот на учениици од ромската етничка заедница и нивната традиција, филозофијата на живење и културното милје (начинот на живот) на Ромите и на другите маргинални заедници во Република Македонија.

Иако не е поврзано со социоекономскиот статус, сепак сметам дека треба да се утврди дали постои поврзаност помеѓу јазикот на кој се одвива наставата и образовните постигнувања на децата – Роми и децата што се припадници на различните етнички заедници (особено во основните училишта) во нашата земја.

**4.Системската опресија и неефикасната образовна и социјална политика на државата како причина за малата опфатеност и слабите образовни постигнувања на децата Роми и децата на другите маргинални заедници во РепубикаМакедонија**

Системската опресија, најчесто, е повразана со општествената дезорганизација. Но, кај нас значајна е и поврзаноста со продолжената транзиција во нашето општество и со неуспехот на концептот на мултикултурно образование.

**Системската опресија** уште на почетокот од излагањето ја определивме како форма на системска дикриминација која формира погрешни стереотипи и предрасуди кон преставниците на маргиналните заедници во општеството.

*Како последица на системската опресија во општеството се формираат стереотипи, кои се погрешни сфаќања за однесување при комуникацијата со разните категории на луѓе што ги формирала традицијата при воспитувањето во одредена макросредина. Стереотипите се шематски и погрешни претстави за особините на личноста на луѓето од различни категории.Тие се плод на непотполна индукција, но и на погрешна генерализација.Тие се извор на предрасудите. Стереотипите се когнитивни компоненти на некој личен став кон некој човек или кон некоја група, а, пак, предрасудите се со конативна компонента и значат неприфаќање на некоја социјална, класна, полова возрасна и професионална група луѓе.*

Првиот чекор во настанување на стереотипите е воочувањето на карактеристики на луѓето од некоја маргинална група, кои, за нас, се највпечатливи, а истовремено занемарување и омаловажување на сите други карактеристики. Втор чекор е правењето на неточни генерализации за групата врз основа на првичните впечатоци за некој поединец. На тој начин се фалсификува реалноста и се формира уверување што значи стереотип кој прераснува во предрасуда за луѓето кои припаѓаат на таа подредена група. На крајот од тој процес следува третирање на луѓето од таа група восогласност со формираните стереотипи и предрасуди (практицирање дискриминација).

Значењето на именувањето, односно на етикетирањето како прв чекор во формирање на стереотипи, најмногу го објаснуваат две теории: теоријата на етикетата и теоријата „обвини го обвинетиот“. Овие теории имаат една заедничка нишка, а тоа е етикетирање само на поединците од маргиналните групи како главен извор на сите социјални проблеми во општеството. Имено, корените на социјалните проблеми се сместуваат кај оној кој трпи последици а не во карактеристиките на условите на општественото живеење. Особено тоа е видливо во општества кои се наоѓаат во транзиција и општествена дезорганизација како што е нашето. Како тоа изгледа на примерот на Ромската полулација?

Прво: се дефинираат проблемите и популацијата која е погодена, на пр. ромските деца се понеуспешни во школувањето и често предвреме го напуштаат,

Втор: се споредуваат системите на вредности, културата и однесувањето на групата која има проблеми со доминантната група. На пр.: „Ромите ја ценат слободата, не се навикнати да работат, не им е важно школувањето и воспитно се запуштени“.

Трето: Причината на проблемот се сместува, пред сè, во различностите кои постојат меѓу двете групи, на пр.: „На родителите на ромските деца не им е важно нив да ги школуваат, а не се гледа

дека и тие се неписмени, немаат можност да се вработат и немаат пари да им купат книги и облека на нивните деца“.

Сите овие чекори завршуваат со вршење притисоци и преземање на системска акција за запишување на голем број од ромските деца во специјални училишта , иако се знае дека повеќето од нив не се ретардирани, туку не покажуваат добри резултати на прелиминарните тестови за утврдување на зрелоста за поаѓање на училиште бидејќи не го познаваат јазикот на доминантната група. Ова се прави со образложение дека, наизглед, на тој начин им се олеснувало школувањето.

**Анализа на опресијата (системската дискриминација кон Ромите)**

1.Постои сфаќање дека ромските деца не сакаат и не можат да учат како останатите деца. На пр.: Потсвесно ги оправдуваме (Сироти деца толку можат, ние не можеме од нив повеќе ни да очекуваме).

2.Постои свест дека ромските деца се мрзеливи. На пр: Потсвесно ги оправдуваме:☹Што да очекуваме од нив >тие даваат сè од себе?

3.За ромските деца и нивните родители образованието не им е важно?

На пр.: Потсвесно мислиме: „Ним им е најважно да преживеат (купи ден помини) не знаат за подобро, што ќе им е образование. На крај, скриено (имплицитно) или манифестно системски се оправдува сместувањето на голем број на ромски деца во специјалните училишта. Се поставува прашањето: Зошто се врши системска опресија? Имено, најчесто специјалните училишта се, во принцип, одвоени од редовните. Знаејќи го тоа, родителите на другите деца не сакаат нивните деца да се мешаат со нив. Така намерно се отежнува уписот на ромски деца во редовните училишта.

Имплицитно: Тестовите за утврдување на зрелост се на јазикот на доминантната група. Поради тоа ромските деца не можат да ги решат тие тестови и излегува дека се ретардирани. Никој, на пр., не се сетил да се вклучат ромски асистенти кои би помогнале при запишувањето и понатамошното образование на ромските деца!

Сметаме дека оваа ситуација е последица на прифаќањето на нов систем на вредности во годините на продолжена транзиција во нашето општество каде главна вредност е *компетитивниот индивидуализам*.

Имено, според Томас Хопс, главен општествен поттикнувач на човековото однесување е користољубивоста - личната корист. Притоа секој сака да ги задоволи своите потреби без да води сметка за потребите на другите луѓе. Но дали е тоа оправдување на опресијата?

Компетитивниот индивидуализам оди уште подалеку. Тој тврди дека сите луѓе имаат подеднакви шанси за постигнување успех или неуспех во животот. Дали е тоа така? Дали за успесите или неуспесите за одговорен може да се смета само поединецот? Дали некој се прашува каде и колкаво е влијанието на општествените институции кои вршат голема дискриминација на поедини групи, нудејќи им на некои повеќе, а на некои помалку можности и шанси за успех (теоријата на Џемс Тејлор). Оттаму и во нашето транзиционо општество, кое е во морална и економска криза „нормално“е да постои системската дискриминација (разните форми на опресија), како што се: расизмот, национализмот, сексизмот, класизмот и ејџизмот. Не може да се тргне од тезата дека натпреварот е фер за луѓе од сите групи и поединци во општеството! Според нас е срушен митот за компетитивноста. Имено, не е добро да се форсира тезата дека мораме да се натпреваруваме со другите и мораме да ги победиме по секоја цена, зашто така „кобајаги“ се гради карактерот, дека тоа е нужна потреба на човекот, дека со натпреварувањето се обезбедува поголема продуктивност.

Сите ние мораме да се самопочитуваме, да бидеме убедени дека можеме да влијаеме на нашиот живот и да го менуваме согласно нашите потреби и условите на живот. Ние не треба да се делиме на добитници и губитници, туку да соработуваме, да се бориме за заедништво, еднаквоправност и за еднакви можности на сите.

Затоа, со оглед на тоа дека секој човек во текот на својот живот бил изложен на општествена опресија, дека секој бил или ќе биде во улога на претставник на доминантна група, или преставник на подредената група, потребно е образовната политика и образовна пракса низ курсевите и работилниците за мултикултурно образование да обезбеди групна поддршка, да се научат луѓето да

соработуваат, да се грижат едни за други, да бидат добри слушатели, да го почитуваат туѓото мислење, да имаат храброст да можат да преземаат заедничка акција за надминување на системската дискриминација (опресија) и да се борат против сите форми на дискриминација. Затоа се потребни сојузници. Тоа е рецепт да успее и концептот на маултикултурното образование во нашата земја.

Системската опресија, односно дискриминација има неколку домени на функционирање: когнитивни, афективни, бихевиорални (волјеви).

Таа може да се манифестира и доживее на личен план, на професионален план (како мобинг) и на општествен план како систематска дискриминација низ разни етнички, верски, расни и политички прерасуди.

Системската опресија поминува низ неколку циклуси:




**Циклуси на опресија**

Се поставува како суштествено и прашањето за реагирањето на власта и на подредените (маргинализирани) груи во општеството на разните форми на системска дискриминација (опресија).

Еве како можат да се претставаат реакциите на власта и на подредените групи на опресијата (системската дискриминација):



На крајот од овој труд сакаме да дадеме некои совети за надминување на разни форми на системската опресија, односно неколку совети за изградба на сојузништво:

- Сметајте дека темите што вас ве интересираат се подеднакво важни и за други надвор од вашата група.
- Правете и од непријателите сојузници. Имено, луѓето што не се од вашата етничка, верска или политичка групација еден ден можат да ви бидат сојузници и тоа може да биде некогаш и во нивни интерес.
- Морате да верувате дека дискриминацијата и интернализираната опресија е причина другите да ги спречува да ви бидат ефикасни сојузници.
- Претпоставете дека и вие со вашето искуство сте експерт за нешто и имате информации што другите треба да ги чујат „и тој што е ништо е нешто".
- Зборувајте за сопственото искуство на опресија Дискриминација, мобинг, споделете го тоа со другите, кажете колку е тешко тоа да се доживее и како да победите

Само на тој начин градејќи сојузништво, верувајте дека можете да го надминете стравот од репресија и да очекувате поддршка од своите сојузници, да бидете одговорни и подготвени и други лица кои не се во подредената група да бидат вклучени во борбата против дискриминацијата и на тој начин да иницирате поголема општествена свест за позитивни општествени промени, за поголема национална, верска, полова и социјална правда и еднаквост.

Секој просветен работник треба да се чувствува одговорен за создавање на похумани односи во општеството посебно во начинот на реагирање на опресијата, да го промовира чувството на заедништво со подредената група и ги подучува другите за значењето на активното барање на она што се сака, во својата работа да се потпира на разбирањето на личната одговорност, а не на чувството на вина, да работи на образованието и на другите членови на доминантната група, но и со членовите на маргинализираните групи во општеството.

Ние имаме сознанија дека припадниците на потчинетата група се експерти во доменот на своето искуство и имаат знаење и информации што членовите на доминантната група треба да ги чујат за подобро да можат да ја разберат нивната положба. Затоа треба во образовните институции да се вработат асистенти, на пр., од ромската популација како медијатори или олеснувачи кои ќе помогнат за поголема опфатеност и поголеми образовни постигнувања на децата од ромската заедница.

За сето ова што го изложивме во овој труд да добие и емпириска верификација, сметаме дека кај нас треба да да се направат повеќе истражувања и поаѓајќи од резултатите на повеќе независни истражувања од оваа проблематика емпириски да се докаже негативното дејство на системската опресија врз заживувањето на концептот на мултикултурно образование. Низ таквите истражувања може да се креираат поефективни политики и програми за подобрување на образовниот, а последователно и на социјалниот и економскиот статус на Ромите и на другите етничките групи во Република Македонија.

Резултатите од тие истражувања, што треба да се направат за испитување на образовните потреби на децата Роми и децата на другите маргинални заедници, според нас, треба да ги докажат следниве тврдења:

- Врз обемот на опфатност на децата Роми и на другите ученици од различни етнички заедници во основните училишта во Република Македонија, влијаат: системската опресија, социо-економскиот статус, културното милје на семејствата, спремноста за инвестирање во образованието на своите деца и познавањето на јазикот на кој се одвива наставата;

- Социјално - економскиот статус на семејствата игра значајна улога во опфатот и постигнување на подобри образовни резултати;

- Доколку традиционалниот начин на живот и просторната концентрација (културното милје) се пониски, тогаш и опфатот и успехот на учениците ќе биде помал, а селективноста повисока;
- Доколку степенот на подготвеност за инвестирање во образованието на во своите деца од страна на ромските семејства е поголем, дотолку и опфатот и успехот ќе бидат повисоки;
- Солидните познавања на јазикот на кој се одвива наставата влијае врз успехот и опфатеноста, односно врз образовните постигнувања на ученици во основните училишта.
- Доколку културно-образовното ниво на родителите е повисоко, тогаш и опфатот и успехот ќе бидат повисоки, а селективноста помалку изразена.
- Доколку семејството е побројно (поголемо), дотолку опфатноста и успехот на учениците се пониски, а селективноста повисока;
- Различните типови на семејството: патријахално, демократско, анархично, имаат различно влијание врз образовните постигнувања на учениците во основните училишта;
- Доколку приходите на семејствата се ниски, тогаш и успехот и опфатот на децата Роми и децата од другите етнички заедници ќе биде помал.
- Доколку системската опресија е помала, дотолку опфатеноста и успехот во образованието на децата Роми и децата на другите маргинални заедници во Р.Македонија ќе биде поголем.

**Заклучок**

*Како автор на* овој труд јас се обидов, пред сè, да ги анимирам младите истражувачи и да укажам на потребата од поголем број на истражувања на образовните потреби на децата Роми и на другите деца од маргиналните заедници во Република Македонија.

Досегашните истражувањата од оваа проблематика во земјите од Европската Унија, покажаа дека мултикултурализмот не наиде на плодно тло и дека децата од маргиналните етнички групи не се доволно интегрирани во нивните образовни системи.

Повеќе експерти од областа на оваа проблематика сметаат дека Република Македонија е земја каде има услови за мултикултурно образование и успешна интергграција на децата од маргиналните заедници во нашиот воспитно - образовен систем. Меѓутоа, постојат голем број фактори кои причините да не заживее во пракса мултикуктурализмот и да не се реализира мултикултурното образование се како *една форма на афирмативна акција за обезбедување на поддршка и вклучување на припадниците на подредените групи во институциите на системот.*

Системската опресија како форма на системска дискриминација која формира порешни стереотипи и предрасуди кон преставниците на маргиналните заедници во општеството се смета дека е една од причините да не заживее во пракса мултикуктурализмот и да не се реализира мултикултурното образование во нашата земја. Затоа, сметам дека кај нас треба да да се направат повеќе истражувања и поаѓајќи од резултатите на повеќе независни истражувања од оваа проблематика емпириски да се докаже негативното дејство на системската опресија врз заживувањето на концептот на мултикултурно образование. Низ таквите истражувања можат да се креираат поефективни политики и програми за подобрување на образовниот, а последователно на тоа и на социјалниот и економскиот статус на Ромите и на другите етничките групи во Република Македонија.

Резултатите од тие истражувања што треба да се направат за испитување на образовните потреби на децата Роми и децата на другите маргинални заедници, според нас, треба да ги докажат нашите тврдења дека врз обемот на опфатност на децата Роми и на другите ученици од различни етнички заедници во основните училишта во Република Македонија, покрај системската опресија, големо влијание имаат и други социо-економски и културни фактори.

Имено, сметаме дека само на тој начин ќе се детектираат основните причини за неуспехот на мултикултурното образование, односно нискиот опфат и слабиот успех на ромските деца и децата од другите маргинални заедници во нашата земја. Тука, пред сè, се мисли на нискиот социјално - економски статус на ромските семејствата, на традиционалниот начин на живот и културното милје, немањето можност за инвестирање во образованието на своите деца од страна на ромските семејства,

на непознавање на јазикот на кој се одвива наставата во основните училишта, ниското културно-образовното ниво на родителите на тие деца, бројноста на семејството, патријахалниот или анархичен тип на семејство, малолетните бракови и сл.

**References**

Георгиевски,Т., П., (1999), *Социологија на образованието*, Скопје: Филозофски факултет.

Горгиевски,Т.,П., Корубин,Ј., Миљовска,Д., Мирчев,Д., Милосавлевски,С., Петковска,А., Петровска,Б., Стојановски,Н., Трајкоски,И., Чокревски,Т., (1998), *Социологија* Скопје: Студентски збор.

Жоглев, З., (2002), *Социологија на образованието*, Битола: Педагошки факултет.

Потконјак, Н., Јакшич, А., Ѓоргиевич, Ј., Коциќ, Љ., Трнавац, Н., Хавелка, Н., Хрњица, С., (1996), *Педагошки лексикон*, Београд: Завод за учебнике и наставна средства.

Петровски, В., (2007), *Етничноста како фактор за образование во Репиблика Македонија*, Штип: Педагошки факултет.

Ташева, М., (2003), *2 Социологија*, Скопје: Филозофски факултет.